( Образец ПП……)

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ СУ.бр. 20/21
18.10. 2021 година
Кратово

**До: Основен суд Кратово**
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Вкупниот број на полнолетни граѓани, кои согласно одлука на Основен суд Кратово се прогласени за целосно и делумно деловно неспособни, заклучно со 15.10.2021 година

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- (г) електронски запис
- д) друго ____________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил
- д) друго ____________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

Потпис

Во Скопје, 15.10 2021 година .

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

[redacted]

Subject [redacted]

From

To

Date

---

Почитувани,

Ви пишувам за да прецизираме во однос на периодот за кој ги бараме податоците за лицата на кои им е одземена деловната способност. Тоа би било периодот од изминатите години, од кои Вие во Вашата евиденција имате достапни информации, притоа Ве замолуваме бројот за секоја година да биде напишан посебно.

Ви благодарам однапред,

Срдечен поздрав

[redacted]

> Почитуван/а,
>
> Ви пишувам за да ја побарам следната
> информација од јавен карактер:
> Вкупниот број на полнолетни граѓани,
> кои согласно одлука на Основен суд
> Кратово се прогласени за целосно и
> делумно деловно неспособни, заклучно
> со 15.10.2021 година.
>
> Ви благодарам однапред,
>
> Срдечен поздрав
>
> [redacted]

Почитувани,

По разгледување на вашето барање е констатирано дека немате наведено за кој точно период ги барате податоците, односно имате наведено само заклучно со 15.10.2021 година, а немате наведено сметано од кој датум? Поради ова бараме да прецизирате за кој период ги барате податоците, а со цел позитивно и точно да ви биде одговорено на вашето барање.

Со почит,

Основен суд Кратово

--

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.20/21-2
22.10.2021 година
К р а т о в о

До
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување информации од јавен карактер

Во Основен суд Кратово е примено Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер по електронска пошта на ден 15.10.2021 година.

Во врска со Вашето барање, согласно чл.20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се постапи по истото и по извршената проверка Ви ги доставуваме следните информации:

Во Основен суд Кратово во периодот од кога судот има евиденција вкупниот бројот на полнолетни граѓани на кои со одлука на Основен суд Кратово им е одземена целосно или делумно деловната способност распореден по години е следен:

- во 2015 година на 1 лице целосно му е одземена деловната способност,
- во 2016 година на 1 лице целосно му е одземена деловната способност,
- во 2017 година нема лице на кое му е одземена деловната способност,
- во 2018 година на 1 лице целосно му е одземена деловната способност,
- во 2019 година на 1 лице целосно му е одземена деловната способност и на 1 лице делумно му е одземена деловната способност,
- во 2020 година на 1 лице целосно му е одземена деловната способност.

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер,
Диме Петрушевски

Претседател на судот,
Судија,
Мирослав Георгиевски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово